

ПРВО · ПА ЖЕНСКО
#14



Мајчинствување наспроти Мајчинство:

дулување, ксеногостопримство и поимот мајкарка

Софи Луис



Софи Луис
Мајчинствување наспроти мајчинство: дулување, ксеногостопримство и поимот мајкарка

Приредувачки на изданието:
Кристина Леловац и Душица Лазова

Превод од англиски јазик и јазична редакција:
Грација Атанасовска

Дизајн:
Вања Штркова

Правото за превод и слободно печатење на текстот е обезбедено со согласност од авторката.

Изданието е приредено во рамки на Фестивалот за феминистичка култура и акција ПРВО ПА ЖЕНСКО 14 на Тиииит! Инк. - Скопје

Скопје, 2026

• Достапно на: https://publicseminar.org/2016/06/kith (пристапено на 16/11/2021).
• Weeks, Kathi (2021) ‘Abolition of the Family: the Most Infamous Feminist Proposal’.
• *Feminist Theory,* https://doi.org/10.1177/14647001211015841.
• Winnicott, Donald (2017) ***The Collected Works of D.W. Winnicott***, Ed. Leslie Caldwell and Helen Taylor Robinson. Oxford: Oxford University Press.

the Institution of Motherhood': Mothering Against Motherhood and the Possibility of Empowered Maternity for Mothers and Their Children'. In: Andrea O'Reilly (ed.) ***Mother Outlaws: Theories and Practices of Empowered Mothering.*** Toronto: Women's Press, стр. 95–104.

- Orleck, Annelise (2017) ***Common Sense and a Little Fire: Women and Working-Class Politics in the United States, 1900–1965.*** 2nd edn. Chapel Hill, NC: The University of North Carolina Press.
- Park, Shelley (2013) ***Mothering Queerly, Queering Motherhood: Resisting Monomaternalism in Adoptive, Lesbian, Blended, and Polygamous Families.*** Albany, NY: SUNY.
- Rich, Adrienne (1976) *Of* ***Woman Born: Motherhood as Experience and Institution.*** London:Virago.
- Sharpe, Christina (2016) 'Lose Your Kin'. ***New Inquiry,*** 26 November. Достапно на: https://thenewinquiry.com/loseyour-kin/ (пристапено на 16/11/2021).
- Shotwell, Alexis (2018) 'Claiming Bad Kin,' ***Alexis Shotwell's Blog,*** March 2. https://alexisshotwell.com/2018/03/02/claiming-bad-kin/ (пристапено на 16/11/2021).
- Simons, Seth (2016) 'Ali Wong Doesn't Want to Work Anymore'. ***Paste***, 6 May. Достапно на: https://pastemagazine.com/articles/2016/05/ali-wong-doesnt-want-to-work-anymore.html (пристапено на 16/11/2021).
- Spillers, Hortense (1987) 'Mama's Baby, Papa's Maybe: an American Grammar Book'. ***diacritics,*** 17(2): 65–81.
- Swift, Taylor (2011) '"Safe and Sound", Feat. The Civil Wars'. The Hunger Games: Songs from District 12 and Beyond. ***Big Machine.*** Prod. T-Bone Burnett.
- TallBear, Kim (2018) 'Making Love and Relations Beyond Settler Sex and Family'. In: Donna Haraway and Adele E. Clark ***Making Kin not Population: Reconceiving Generations.*** Chicago, IL: Prickly Paradigm, стр. 145–166.
- TallBear, Kim (2016) 'Disrupting Settlement, Sex, and Nature,' Future Imaginary lecture, Concordia University, Montreal, QC, October 14. Transcript archived at Indigenous Futures, dated 01/31/17. http://indigenousfutures.net/wp-content/uploads/2016/10/Kim_TallBear.pdf (пристапено на 16/11/2021).
- Wane, Njoki Nathani (2000) 'Reflections on the Mutuality of Mothering Women, Children and Othermothering'. ***Journal of the Association for Research on Mothering,*** 2(2): 105–116.
- Wark, McKenzie (2016) 'Make Kith, Not Kin!'. Public Seminar, 24 June.

Дневник на една укинувачка[1] на семејството и нејзината година на турнеја (наместо вовед):

24 мај, 2019. Хмм. Забележувам дека... луѓето збеснуваат кога ќе им укажеш дека како деца, заслужувале повеќе отколку што добиле.

17 август. Секако, секоја укинувачка на семејството која барем малку вреди ***многу добро*** знае дека нејзиниот коментар ги напаѓа темелите на себството (како што е засега поставено). Мислам дека психолошкиот механизам на реакција, со кој мораме сите да се соочиме, звучи некако вака: „Па добро, можеби е дисциплинирачка траума-машина која се заснова на недостаток, но тоа е МОЈАТА дисциплинирачка траума-машина која се заснова на недостаток!" Сè уште ме зачудува како некои луѓе – неколкупати го забележав ова – вообразено мислат дека има слатка иронија во тоа што мојата биомајка добива рак ***во исто време кога ја носам на свет книгата против мајчинството,*** па дури и некоја божествена правда. „А, па мислиш дека секој заслужува многу мајки, психопатке? Е па, гледам дека си ПРИЛИЧНО ТАЖНА што умира твојата вистинска мајка! Шах-мат!" (??)

1 Заб. на прев.: во преводот, англискиот термин ***abolitionist*** наизменично се пренесува како „аболиционист(ка)" и „укинувач(ка)", зависно од контекстот. „Аболиционист(ка)" се задржува таму каде што се нагласува припадноста кон конкретна политичка и теориска традиција, додека „укинувач(ка)" се употребува таму каде што акцентот е врз самото дејство на укинување и неговиот преобразувачки потенцијал. Ваквиот избор настојува да ја зачува и историско-политичката специфичност на поимот и неговото пошироко, дејствено значење.

6 ноември. Моите лични биосемејни околности годинава беа обележани со ужасна и надвиснувачка загуба, дополнително отежнати од прекарноста, а да не зборувам за пречките и замките на граничните и имиграциските режими. За мене, ова е надреално, не затоа што беше „лицемерно“ да зборувам јавно за укинување на натурализираното приватно/нуклеарно семејство – и неговиот увеличан пандан, нацијата – додека, истовремено, се мачев (како многу други луѓе во моментов) да ги поминам границите за да бидам со семејството. Нели е „противречно“ да проповедам за „целосно сурогатство“ додека се грижам за мојата мајка на смртна постела, со која делиме долга историја на отуѓеност. Временското совпаѓање на ***Целосно сурогатство сега*** со ова (за мене) дотогаш невидено барање да бидам крај постелата на мојата најблиска биороднина, со огромен интензитет ја оживеа тежината на прашањата на темата со која се занимавав.

3 декември. Сочувство. Вау – толку многу сочувство. Во најголем дел ***ми носи*** утеха, дури и кога ќе почувствувам дека сега има нешто заканувачко во мене, нешто радиоактивно во мојата аура, црн жиг на челото кој вели „ЈА ИЗГУБИЛА МАЈКА СИ“. ***Постојат*** прекрасни другарки и другари кои знаат како да се справат со тагата. Не само по смртта, туку и пред неа. Оваа европска доселеничка култура генерално не стои добро со умирањето, со смртта, со тагата. Но Рози ми ги кажа финтите. Медлин ми испрати играчка мајмун. Сара ми испрати тинктури. Зек ми ги исчисти скалите. Пол ме натера да одам на квир/транс-јога. Џулија ми остави супа пред влезот. А јас ги најдов дулите за умирање (death doulas) од Филаделфија. Другарско[2] дулување за умирање постои. Но... истовремено, имаше и сочувства кои беа речиси ***насилни:*** навидум милосливи коментари кои, всушност,

2 Во преводот, „другарски“ се употребува за англиското comradely, за разлика од friendly („пријателски“). Поимот не означува само блискост или пријателска наклонетост, туку и политички однос заснован на солидарност, заемна одговорност и заедничко дејствување. Оваа разлика се задржува низ текстот.

Generations Chicago, IL: Prickly Paradigm, стр. 67–100.
- Hester, Helen (2018) ***Xenofeminism.*** London: Polity.
- Heti, Sheila (2016) ***Motherhood.*** London: Henry Holt.
- King, Tiffany Lethabo (2018) 'Black "Feminisms" and Pessimism: Abolishing Moynihan's Negro Family'. ***Theory & Event,*** 21(1): 68–87.
- Knott, Sarah (2019) ***Mother Is a Verb: an Unconventional History.*** New York: Farrar, Straus & Giroux.
- Laboria, Cuboniks (2015) 'Xenofeminism: A Politics for Alienation,' ***XF website.*** http://laboriacuboniks.net/manifesto/xenofeminism-a-politics-for-alienation/ (пристапено на 16/11/2021).
- Lane-McKinley, Madeline (2018) 'The Idea of Children'. ***Blind Field: A Journal of Cultural Inquiry.*** August 2. Достапно на: blindfieldjournal.com/2018/08/02/the-idea-of-children.
- Lane-McKinley, Madeline (2019) ***Dear Z. Oakland***, CA: Commune Editions.
- Lewis, Sophie (2019) ***Full Surrogacy Now: Feminism Against Family.*** New York and London:Verso.
- Lewis, Sophie (2020) 'Full Family Now: Surrogacy Against Feminism, Response by Sophie Lewis'. ***Society & Space Magazine.*** January 12. Достапно на: societyandspace.org/articles/response-by-sophie-lewis-full-family-now-surrogacy-against-feminism.
- Loftus, Alex (2020) 'Love, Care and Comradeship'. ***Society & Space Magazine.***
- McRae, Elizabeth Gillespie (2018) ***Mothers of Massive Resistance: White Women and the Politics of White Supremacy.*** Oxford: Oxford University Press.
- Munro, Kirstin (2020) 'Review: Birth Strike / Full Surrogacy Now'. ***Review of Political Economy,*** 31(3): 474–478.
- Nash, Jennifer (2019) 'The Politics Life of Black Motherhood'. ***Feminist Studies,***
- 44(3): 699–712.
- Ng, Samuel Galen (2013) 'Trans Power! Sylvia Lee Rivera's STAR and the Black Panther Party'. ***Left History,*** 17(1): 11–41.
- O'Brien, M.E. (2019a) '6 Steps to Abolish the Family'. ***Commune,*** 4. December 30. Достапно на: communemag.com/six-steps-to-abolish-the-family.
- O'Brien, M.E. (2019b) 'Communizing Care'. ***Pinko,*** 1, issue 1. October 15. Достапно на: pinko.online/pinko-1/communizing-care.
- O'Brien, M.E. (2019c) 'Junkie Communism'. ***Commune,*** 3. Достапно на: https://communemag.com/junkiecommunism (пристапено на 16/11/2021).
- O'Brien, M.E. (2020) 'To Abolish the Family'. ***Endnotes***, 5.
- O'Reilly, Andrea (2004) 'We Were Conspirators, Outlaws from

Користена литература

- Bronski, Michael (2018) 'When Gays Wanted to Liberate Children,' ***Boston Review***, Summer issue (ed. Merve Emre): Once and Future Feminist, стр.113–123. https://bostonreview.net/articles/ michael-bronski-gay-family/ (пристапено на 16/11/2021).
- Dean, Jodi (2017) 'Four Theses on the Comrade'. ***e-flux journal, 86.***
- Donath, Orna (2017). ***Regretting Motherhood***. Berkeley, CA: North Atlantic Books.
- Doyle-Griffiths, Kate and Jules Joanne, Gleeson (2015) 'Kinderkommunismus: A Feminist Analysis of the 21st Century Family and a Communist Proposal for its Abolition,' ***Ritual,*** magazine, reproduced at ISR (New Institute for Social Research): isr.press/Griffiths_Gleeson_Kinderkommunismus/ index.html (пристапено на 16/11/2021).
- Edwards, Arlene (2004) 'Community Mothering: the Relationship Between Mothering and the Community Work of Black Women'. In: Andrea O'Reilly (ed.) ***Mother Outlaws: Theories and Practices of Empowered Mothering.*** Toronto: Women's Press, стр. 203–214.
- Fineman, Martha (2014) ***The Neutered Mother, The Sexual Family and Other Twentieth Century Tragedies.*** New York: Routledge.
- Gotby, Alva (2019) ***They Call it Love: Wages for Housework and Emotional Reproduction.*** PhD thesis, University of West London, UK.
- Gottlieb, David (1973) ***Children's Liberation***, London: Prentice Hall.
- Gumbs, Alexis Pauline (2010) 'We Can Learn to Mother Ourselves: the Queer Survival of Black Feminism'. PhD thesis, Duke University, USA. Достапно на: https://hdl.handle.net/10161/2398 (пристапено на 16/11/2021).
- Gumbs, Alexis Pauline, China Martens and Mai'a Williams (2016) ***Revolutionary Mothering: Love on the Front Lines.*** Toronto: Between the Lines.
- Hallstein, D. and Lynn O'Brien (2010) ***White Feminists and Contemporary Maternity: Purging Matrophobia.*** New York: Palgrave Macmillan.
- Haraway, Donna (2018) 'Making Kin in the Chthulucene: Reproducing Multispecies Justice'. In: Donna Haraway and Adele E. Clarke (eds) ***Making Kin Not Population: Reconceiving***

се полни со реакција, и дисциплина, и лична проекција за значењето на загубата на мајката. Понекогаш се чувствувам бомбардирана со нормативни тврдења за тоа што значи „да ти умре мајката", како тоа да е некакво универзално човечко искуство. Не се ли луѓево загрижени за... ***удвојување*** на мојата загуба, за обелоденувањето на мојот недостаток? Ми бутаат во фаца дека не само што сум ја изгубила мајката што ја ***имав***, туку и дека ми недостига мајката што ја немав, онаа што сум ***можела*** да ја изгубам на овој романтичен, нормативен начин? Не можам, а да не се смеам некогаш. Ми предлагаа, на пример, дека треба да пробам да се „сакам себеси" во деновите што претстоеја ***„како што таа ме сакала мене".*** LMAO! Каква ужасна идеја. Мислам: душо? Ќе морам многу повеќе да се потрудам.

♥

На 26 ноември мајка ми, Ингрид Хелга Луис, почина на седумдесет и три години во установа за палијативна нега надвор од Лондон. Непосредните причини за нејзината смрт беа разноразни ракови, дијагностицирани една година претходно, компликации со срцето и, секако, она сомнително нешто наречено „алкохолизам". Мајка ми беше, покрај многу други нешта, пренадарена хумористка, бела англофилна германска хетеросексуалка (три пати разведена, два пати од истиот маж), либералка од средната класа која кратко време била активна во маоистичкото движење во 68-ма на Универзитетот во Гетинген и жртва на родителско насилство; исто така, прва од своето семејство која отишла на универзитет. Таа беше своеглава, иако не и отворено феминистички настроена, благо фемфобична цис жена која, на четириесет и две години, совршено билингвална и на позиција во германската редакција на Би-би-си, одеднаш се премислила околу одлуката да нема деца. Набрзина се омажила за Англичанец што работел за „Ројтерс", износила две деца едноподруго и ги израснала

до пубертет со недоволна помош од нејзиниот нов маж – и недоволна помош од „дадилките“ – платените мајкарки на моето детство.

Дури и на почетокот, пред да стане суицидална, според мене, мама жестоко ги отфрлаше културните и општествени идентитети на мајката. На пример, врескаше од смеа, негодувајќи, ако некое дете ја ословеше како „la maman de Sophie/Ben“ („мајката на Софи/Бен“, живеевме во Франција). Сепак, многу подоцна, таа сакаше да биде ословена од нас, возрасните деца, не како Ингрид, туку како Мама и, пред сè, Мамапуц (Mumputz): нејзина карактеристична англогерманска (англиско/германска) кованица која навидум совршено го опишуваше нејзиното непослушно, заобиколено, трагикомично задоцнето поистоветување со мајчинството како своевиден дрег. Несомнено, ова ми помогна да го разберам трудот на мајчинствувањето (наспроти институцијата на мајчинството) како нешто што е родово неодредено или, пак, во најмала рака, раздвоиво од родот. Деминутивниот суфикс, „-пуц“ (-putz), беше нешто што Мамапуц го раздаваше со нежност на луѓето околу неа. Да не заборавам да додадам само дека такви нè имаше екстремно малку. Таа беше незамисливо осамена. Мамапуц неизбежно ги бркаше сите – секој еден пријател – од неа. Но оваа навика на давање прекари внесуваше разиграна еднаквост, мала зона на пријателство и заговорништво. Тоа создаваше афективен простор во кој можев, како што и самата велеше, да ја воведам во феминизмот, преправајќи се дека таа ми помага (а всушност ми одмагаше, да бидам искрена) со повремени ангажмани за дополнителна заработка, како што беше преведувањето на ***Кратка историја на феминизмот*** од Антје Шруп од германски на англиски. Движејќи се внатре и надвор од оваа дискурзивна еднаквост, повремено ќе преминеше од Мамапуц во „Пуц-шефица“ за да се разликува од, на пример, Википуц, мојата партнерка, Бенпуц, нејзиниот син, или Софпуц (односно Пуц-заменичка, од некоја причина), јас.

штени очи ми послужија оваа зима како сурогат за грижа, дулувајќи ѝ на личноста со тврд оклоп што го износи моето тело во својата утроба во 1987 и 1988 година. Лари беше тој што сведочеше како од перницата, покрај ушите на Мама, чиј слух полека згаснуваше, се разлеваше тенкиот, метален звук на серенадата што ја снимивме јас и брат ми: „Само затвори ги очите, сонцето заоѓа / Сè ќе биде во ред, сега никој не може да те повреди / Кога ќе осамне, ти и јас ќе бидеме живи и здрави.“ Со месеци по смртта на Мамапуц не минуваше ни ден без овој рефрен да ми одзвонува во главата. Нека ми даде сила во заедничките напори, рамо до рамо со безбројните мајкарки од различни видови, кои никој не може да ги покори, да го укинеме овој тажен и зол свет, оваа постојна состојба на нештата.

полни со љубов вработени во установата за палијативна нега, кога настапи смртта, покрај мајка ми немаше никој физички присутен освен нејзиниот поранешен сопруг, нашиот отуѓен татко. Сепак, таа имаше виртуелно друштво, а јас се обидувам да се убедам – не особено успешно – дека и тоа беше вистинско друштво; доволно добро. Преку паметен телефон слушаше видеоснимка од брат ми и мене како, со акустична гитара, ја пееме необично злокобната поп-песна „Safe and Sound“ на Тејлор Свифт.

Додека умираше, над неа бдееше и една исто толку злокобна играчка јастог од бостонскиот аеродром „Логан“, која заборавив да ја платам на пат кон неа во август, за, како што се покажа, претпоследен пат. Покрај тоа, нејзина желба беше да почине слушајќи ја летната химна од XVII век „Geh aus, mein Herz, und suche Freud“ („Излези, срце мое, и побарај радост“) од Паул Герхарт. Затоа научив да ја пеам и ја снимив целата со апликација за снимање глас наместо лично да ѝ ја пеам покрај смртната постела (нешто што решив да не го правам за да не го загрозам барањето за зелена карта). Особено уживаше во стиховите: „Narzissus und die Tulipan / Die ziehen sich viel schöner an / Als Salomonis Seide / Als Salomonis Seide“ („Нарцисот и лалето красно / се облекуваат многу пораскошно / од свилата на Соломон / од свилата на Соломон“).

Јастогот Лари ѝ донесе многу радост на Мамапуц и, мислам, ја направи мојата љубов кон неа речиси опиплива. Оттогаш тој постојано беше покрај неа. „Боже, колку злобно изгледа!“, ликува таа држејќи го високо над себе додека лежи в кревет, на една од снимките што ги направив со телефонот. „Нели? Нели?!!“ И навистина, изгледа злобно – иако, како што еднаш забележа, зависно од аголот од кој го гледаш, изгледа и длабоко тажно. Додека ги пишувам овие редови, го гледам Лари во мојот дом во Филаделфија, зашто, за разлика од пепелта на Мамапуц, тој веќе ми е вратен. Претерано сум свесна дека неговото темноцрвено полиестерско крзно и неговите огромни пластични намр-

Како што и самата признаваше, мојата Пуц-шефица горе-долу крена раце од мајчинствување, недолго откако ја добив првата менструација, препуштајќи им се на алкохолот и на разноразните лекарства, кога јас имав единаесет, а таа имаше околу педесет и три години. И покрај сето ова, верувале или не, не мислев непосредно на мајка ми кога во јули 2019 година осмислував самостоен текст за „дулувањето“ (doula-ing). Колку што се сеќавам, правев некои апстрактни претпоставки (иако инспирирани од сосема конкретни, вистински луѓе) за еден поџанр на „прекрасни, милитантки што одат со глава низ ѕид, решени да се регенерираат наместо да се реплицираат себеси“ (Lewis, 2019: 167), на чие отелотворување повикував во ***Целосно сурогатство сега.*** Сакав да се задржам на прашањето што значи другарската грижа (comradely care) и да замислам како би можел да се подобри еден слоган што не ми се допаѓаше –слоганот на мојата голема учителка по киборг-фемунизам[3], Дона Харавеј – „Создавајте сродства, а не бебиња“ (2018). Како што обично бидува, мојата книга официјално излезе шест месеци пред смртта на Мама, само неколку дена пред Националната здравствена служба да утврди дека ракот ѝ е во четврти стадиум. Што значи, бев во Лондон, на вистинската страна на Атлантикот, кога пристигна таа ужасна вест, иако не – како што Мама постојано истакнуваше – од „вистинската“ причина. Неколку недели ги комбинирав потпишувањето книги и промотивните настани со седењето во болничкото одделение на Мама, ѝ помагав да оди до тоалет и се обидував да ја натерам да ја исчисти или барем да ја навлажни исушената уста.

3 Заб. на прев.: фемунизам (англ. femmunism) е кованица од термините ‘феминизам’ и ‘комунизам’ што ја користи Мекензи Варк за да артикулира квир и транс-перспектива на комунизмот, во која ослободувањето од капиталистичките односи е неразделно од преобразувањето на родот, сексуалноста и начините на заедничко живеење.

Во еден момент, во текот на тоа лето распослано со пелени за возрасни, ја забележав кованицата „мајкарка“ (momrade), т.е. ***мајка + другарка***, на социјалните мрежи и онлајн форумите за мајки и/или левичарки. Сатиричната веб-страница ***Работничката шпатула***, на пример, го посвети Денот на мајките во 2019 година на „сите мајкарки“.[4] Синдикалниот организатор и антрополог од Бруклин, Данијал Кејд Дојл-Грифитс, напиша на „Твитер“ дека иако „колективизирањето на домашниот труд во огромни комуни“ само по себе не му става крај на капитализмот, „секако може да биде добро за тебе и за твоите мајкарки, ако успеете да го изведете“.[5] Се покажа дека самопрогласените „мама-блогерки“ го користеле терминот „мајкарки“ најмалку од 2004 година. Зборот се појавуваше во описите на профилите и/или корисничките имиња на активистки од САД (на пример, кај членка на еден од комитетите на Демократските социјалисти на Америка “@ MomradeHeather, аболиционистка од Тексас @Lizonomics; „Коми мами“ @momrade; или „Унитарната социјалистка“ @ MomradeJennifer. Некоја мајкарка, на пример, би можела да ја наслови својата објава за меѓусебна поддршка меѓу родителите „Мајкарка во мака се познава“ (A Momrade in Need Is a Momrade Indeed);[6] или, на блогот ModernMom.com да споделува „корисни финти“ за справување со мали деца, собрани од разговори „со неколку мои мајкарки“.[7] Имаше и веб-страници кои, иако кратковечни, го веења знамето на мајкарството: Momrades.blogspot.com и Momrades.com.

Одредницата „мајкарка“ на UrbanDictionary.com, датирана на 16 декември 2017 година нуди две радикално различни дефиниции: едната се потпира на глаголот „има“,

4 @workersspatula, 12 мај 2019. <<https://twitter.com/WorkersSpatula/status/1127637064734920705>>

5 @kategrif, 30 мај 2019. <<https://twitter.com/kategrif/status/1133994625730060288>>

6 Beth Woolsey, 1 октомври 2016. <<https://bethwoolsey.com/2016/10/a-momrade-in-need-is-a-momrade-indeed>>

7 Felissa Allard, 21 јануари 2016. <<modernmom.com/10-ways-to-survive-twin-tod-dlers-or-a-single-toddler-116974.html>>

го оживееме стариот збор kith, „со неговите неодредени значења на пријател, сосед, човек од истото место, обичај“, предлагајќи другарска преработка на повикот на Харавеј: „Создавајте близина, а не сродства!“

Можеше ли моето мајчинствување на мајка ми, стремежот кон правење kith, ксеногостопримството, во последниот час, да ја смени мајка ми? Веројатно не. Можеше ли, донекаде, да го поништи нејзиното негирање на другарноста? Можеше ли да направи разлика, да ме смени мене? Можеше ли да ги открие елементите на нејзиното мајчинствување кои беа мајкарски и да ги отфрли лошите, негрижливи логики на светот што таа, во извесна смисла, ги мајкувала (во смисла на репродуцирала) со тоа што одбивала да мајчинствува? Прерано е да се каже.

Наместо заклучок, понизно ве молам да размислите за јастогот.

♥

Во самиот обид, многу нешта ѝ простив на Мамапуц. Брат ми и јас ја мајкувавме, како што обично се вели, „најдобро што можевме“, но без притоа да оставиме сѐ друго настрана за да го правиме тоа. Да ѝ го овозможам ова мајчинствување, за мене, воедно и беше и не беше „природно“. Тоа беше истовремено пресврт во историскиот тек на грижата измислување грижа од нула, грижа што се појавува од ведро небо или грижа надвор од времето, од страна на некој што и самиот е донекаде без мајка, заради сопствената мајка. Тоа беше мајчинствување и антимајкост, самомајкинствување и повторно мајчинствување на друга личност. Тоа беше мајкинствување наспроти стилот на мајчинство на Мама, што, од своја страна, беше и немајчинство и, токму поради тоа, делотворен облик на репродукција на постојната состојба на нештата.

И покрај сите мои напори, и покрај тоа што, како што реков, за неа постојано се грижеа брат ми и извонредните,

на етичкиот императив да практикуваме токму вакво аломајчинско гостопримство, вакво создавање сродство надвор од границите на биогенетската и прокреативната сфера. Но многу поретко се забележува, особено меѓу хетеросексуалните луѓе, дека луѓето честопати имаат деца со кои никогаш вистински не стануваат сродници. Харавеј е свесна за тоа и, навистина, постојано ја нагласува потребата ***од*** бебињата да направиме сродници – од веќе постојното биосем да создадеме ксеносем. Благодарение на нејзиното критичко читање на мојот текст, како и на одговорите на другите соговорници, сфатив дека насловот би можела да го формулирам и поинаку: „(Вистинско) сурогатство против (капиталистичкиот) феминизам, (вистински) феминизам против (капиталистичкото) сурогатство: ЦЕЛОСНО СЕМЕЈСТВО СЕГА!“ На многу читатели им е поблиско ова толкување бидејќи не сакаат ни да помислат да се возобнови она што Кети Викс духовито го нарекува „најозлогласениот феминистички предлог“, односно пострашната формулација: укинувањето на семејството. За тие читатели ова е вистинско олеснување: „Аха, добро, уф, значи Луис бара повеќе семејство, а не помалку.“

Меѓутоа, кога имам повеќе храброст, останувам на своето и инсистирам дека укинувањето на семејството е токму она кон што се стремиме – како што велат Маркс и Енгелс во својот манифест зборувајќи за укинувањето на приватната сопственост. Соборувањето на мајчинството преку мајчинствувањето е дел од комунистичкиот хоризонт. Иако денес владее фантазијата дека крвното сродство нè ослободува од потребата меѓусебно да се посвојуваме, вистината е дека, како што со години се обидувам да докажам, децата никогаш и не ни припаѓале нам, на оние што ги создале. Предлагам дека секоја репродукција е потпомогната (Lewis, 2019). Сродството ***секогаш*** се прави, не ни е однапред дадено; и по истата логика, таму каде што сродството се подразбира како нешто дадено, многу почесто отколку што мислиме, редовно останува ненаправено. Се согласувам со Мекензи Варк (2016) кога предлага да

а другата на глаголот „прави“ – две можности што авторката на одредницата (корисничката „zuchinno“) едноставно ги споила со многу сугестивното „и/или“.

> **мајкарка, им.** (1.) другарки што имаат деца и/или (2.) другарки што го прават најголемиот дел од работата поврзана со поддршката и репродуктивниот труд во движењето.

Другарки што имаат или другарки што прават? Писателката Шила Хети зборуваше за истата оваа дијада во својот роман ***Мајчинство***, иако без комунистичко-аболиционистичките стремежи на револуционерната левица. Хети остро и убедливо го критикува начинот на кој некои мајки во нејзината култура зборуваат за „детето како нешто што се има, а не нешто што се прави. Правењето е она што изгледа тешко. Имањето изгледа прекрасно. Но дете се прави, не се има“ (2016).

Токму оваа тензија, свесно или не, ја доловува авторката во Урбаниот речник, истата тензија што стои во средиштето на феминистичката класика што ја споменав претходно: ***Родена од жена: Мајчинството како искуство и институција*** од Едриен Рич (1976). Во книгата Рич му дава корисно име на антагонизмот мајчинствување/мајчинство: спротивставеноста меѓу двојниот потенцијал на репродуктивниот труд, од една страна, да изнедрува ослободувачки сродства (мајчинствување), а, од друга, да ја зајакнува антиослободувачката приватизација (мајчинството). Искуство наспроти институција; релационалност наспроти право на присвојување. Имајќи ја предвид нејзината чувствителност за оваа разлика, можеби Хети требало да ја наслови својата книга ***Мајкост*** (Motherness).

Јас го разбирам вака: мајчинствувањето е неинституционализиран труд на грижа; мајчинството е институција на приватна сопственост. Така, основното прашање што

го отвораат Хети и @zuchinno може да се формулира на следниов начин: Дали (1) автоматски те прави (2)? И обратно, дали правењето на (2) подразбира имање на (1)? Дали мамувањето (momming) е исто што и да се биде мајка? Ако не, зошто не? Дали мајкарството (momradeliness) треба едноставно да значи другарност (comradeliness) (но тогаш, другарност во однос на кого)? Дали се однесува само на луѓе што случајно создале потомство – или законски посвоиле деца? Или, пак, преземањето на својот дел од товарот на т.н. репродуктивни трудови на животот е единствената дефиниција на „другар/ка“ која прави смисла? Може ли другарка да се нарече другарка ако не е мајкарка? Во тој случај, што да кажеме за луѓе како мојата покојна мајка, некогашна (бивша) левичарска активистка која има деца, поседува правни документи што го потврдуваат тоа, но вложува многу малку репродуктивен труд и грижа во тие деца, а камоли во целото движење? Накратко, раздвоената дефиниција на кованицата „мајкарка“ совршено ја сублимира дијалектиката на мајчинствувањето наспроти мајчинството – надметувачките вистини на „Мајката е институција“ (Fineman 2014: 70) и „Мајката е глагол“ (Knott, 2019).

Не се зезам: кога почнав да размислувам за овој есеј, не мислев – барем не свесно – на Мамапуц. Ако ништо друго, мислев на вистинските мајкарки што ги познавав: другите луѓе во мојот живот што, всушност, ми помогнаа да ја надминам и да ја залечам болката што таа (и мојот одамна-разведен-од-неа татко) ми ја нанесуваше низ годините, со тоа што во текот на мојата адолесценција речиси воопшто не ни мајчинствуваше. Мислев на разнородните ***другомајки***[8] (othermothers) во мојот живот (Wane, 2000; Edwards, 2004). Или, за да не присвојувам термин (другомајка) од црниот феминизам, подобро да сковам уште еден збор за луѓето што мајчинствуваат без нужно да бидат мајки:

8 Заб. на прев.: „Другомајки“ е кованица за англиското „othermothers“, поим од црната феминистичка традиција што означува жени кои преземаат мајчинска грижа за деца надвор од биолошкото мајчинство.

и интимно ја впивав уште од најрано детство, а делумно затоа што, по долг период на отуѓеност, како возрасна личност свесно се потрудив одново да ја запознам (за што сведочи и нашата преписка на „Вацап“). Сепак, таа ми беше изненадувачки туѓа. Како прво, таа не ме познаваше многу добро, ниту пак сакаше да ме запознае, иако, несомнено, го знаеше детето што бев. Не бараше да ме прегрне на крајот. Ретко ме прегрнуваше од 1998 година натаму. Таа жалеше што создала потомство во условите на постојниот психоекономски поредок; но, ете, јас бев тука. Тука сум. Не можам да си дозволам такво каење. А дури и да можев, не би сакала да тргнам по нејзините стапки и да се откажам од секаква одговорност.

Значи, бевме нееднакво блиски туѓинки. Бевме историски разделени придружнички, несиметрични сожртви и соизвршителки на нуклеарното семејство, исправени пред две различни задачи, да се умре (колку што е можно подобро) и да се воспостави некаква еднаквост меѓу нас.

Накратко, токму затоа хоризонтот на другарноста, повеќе отколку на љубовта, ми се чини како најкорисниот поим преку кој можам да размислувам за нејзината потреба од мајчинствување на крајот од животот. Џоди Дин (2017): „‘другар’ именува однос што се одликува со истоветност, еднаквост и солидарност.“ Другарноста не е исто што и одговорноста за сопствените постапки; таа не дејствува во регистарот на минатата историја. Таа го именува делот од познатата максима што се однесува на создавањето историја, делот свртен кон сегашноста и иднината, а не оној што зборува за тежината на неисправената историја што ја наследуваме, за околностите ***што не сме ги избрале самите.***

За да ѝ направам на Мама да се чувствува пријатно / за да ѝ бидам другарка, морав да научам еден облик на ксеногостопримство (гостопримство кон другиот, кон туѓинецот). Веќе споменав дека Харавеј предложи да создаваме „сродство, а не бебиња“ – сакајќи со тоа да укаже

да ја сретнеме природната (односно, оприроднетата) мајка како некој што ни е туѓ и непознат.

Во нејзината кратка студија ***Ксенофеминизам*** (2018), Хелен Хестер – една од шесте членки на колективот Лабориа Кубоникс кои го пишуваа ***Ксенофеминистичкиот манифест*** – зборува за антиприродните и родово-укинувачки антикапиталистички политики на репродукција на КФ (ксенофеминизмот), настојувајќи да ја отфрли секоја можна поврзаност на ксенофеминизмот со политики насочени против мајчинствувањето. Особено во поглавјето „Ксенофеминистички иднини“, Хестер ја разработува поставката „ксеносем ≥ биосем“.

Равенката ја изразува идејата дека другарноста насочена кон туѓото и непознатото, односно создавањето таканаречени небиолошки сроднички врски или, ако ја оживееме другата половина од старата англиска фраза ***kith and kin*** („пријатели и роднини“), врски на блискост, може да понуди исто толку, па и повеќе можности од семејствата засновани исклучиво врз генетска случајност.

Со употребата на знакот поголемо или еднакво (≥) авторките уште од самиот почеток му даваат до знаење на внимателниот читател дека и таканареченото биолошко размножување може да биде простор на другарност, рамноправен со кој било друг простор: тука нема никакво отфрлање на биогенетската репродукција, никаква матрофобија (Hallstein and O’Brien, 2010). Сепак, Хестер внимателно вклучува и „директно предупредување дека и самите таканаречени ‘крвни врски’ можат да станат ксеносемејни преку постојана посветеност на практичната солидарност“ (2018: 65). За Хестер, ксеносемејноста е истовремено утописки хоризонт и латентна стварност на сегашноста. Таа го означува збирот од модели на општествена репродукција втемелени во солидарности изградени преку разликите.

Мамапуц за мене не беше ***xenos*** (туѓинка), барем не на прв поглед. Ја знаев жената, делумно затоа што ја набљудував

оние мултигенерациски ***мајк-увачки*** (mother-ers) што го обликуваа моето искуство. Мајка ми, односно мојата официјална мајка, беше многу нешта, но колку што можев да увидам, не беше мајк-увачка. Често не беше ни мајкарка. Всушност, таа беше една од најмалку грижливите личности што ги познавам.

Така што, секако, мора да сум мислела на неа, макар и во негативна смисла. Но таа мисла стана неизбежна кога најпосле – токму навреме за да ја избегне пандемијата на ковид-19 – таа умре. Мојата намера во ова дело, во потрага по „мајкарката“, остана иста: да истражам што може да се постигне ако сосема сериозно ја сфатиме шегата содржана во тој неологизам; да видам што се случува кога поимите за мајчинствување и другарност ќе ги доведеме во искрен меѓусебен дијалог. Пошироките преокупации на моето истражување не се променија. Тие можат да се сумираат во следниве прашања: Како мајките-против-мајчинството, односно мајк-увачките, ја укинуваат постојната состојба на нештата? На кои начини колективните вештини на другарската грижа можат да ги отправат световите? Што го прави мајкувањето антипродуктивно наместо репродуктивно? И како сите овие прашања ги повторуваат, преобликуваат или рекомбинираат концептите како ксеносемејноста (xenofamiliality) и ксеногостопримството (xenohospitality) (Laboria Cuboniks, 2015; Hester, 2018); укинувањето на семејството (Griffiths and Gleeson, 2015; King, 2018; O’Brien, 2019b; Weeks, 2021); квир, црните, обоени и домородни полиматернализми (Wane, 2000; Gumbs, 2010; Park, 2013; Gumbs et al., 2016; TallBear, 2016, 2018); и идејата за „мајчинствување наспроти мајчинство“ (Rich, 1976; O’Reilly, 2004)? Иако основните контури на проектот останаа непроменети, методологијата радикално се преобрази.

Траумата од напуштањето на мајка ми останува да биде огромен предизвик во мојот живот. Сепак, и покрај повредата и омразата, чувствувам и длабока емпатија, која се граничи со почит, кон нејзиниот ужасен излез (преку

самоубиственоста) од она што Ким Толбер можеби би го нарекла „страдање во бракот и системот на нуклеарното семејство“ (2016; 151). Иако во минатото понекогаш посакував мајка ми да умре, во последната деценија и нешто ми беше тешко отворено да ја осудам што крена раце од работата (да мајчинствува) што капиталистичкото општество ја принудуваше да ја прави на толку самотен начин. На крајот на краиштата, моите најдлабоки духовни и политички заложби се врзани за квир-револуционерниот слоган „Укинете го семејството“. Со други зборови, заедно со еден мал, но сè помногуброен круг на заколнати автор(к)и за укинување на семејството од САД и Обединетото Кралство, сметам дека позитивното надминување на нуклеарно-нормативното семејство секогаш било вистинскиот предмет на квир-ослободувањето и феминистичките/родовите борби за ослободување (за оваа историја, видете кај Ng, 2013; Doyle-Griffiths and Gleeson, 2015; O’Brien, 2019b, 2020).

Како што забележува Алва Готби, во капитализмот „семејствата се работни односи“ (2019: 205). Тие ги заробуваат феминизираните луѓе во изолирани неплатени работни места и првенствено служат за создавање сегашни и идни работници од чиј труд капиталот ќе извлекува вредност. Поради ова, и поради тоа што децата имаат многу малку права и слободи во домот, прашањето како да се укине семејството не само „за децата“, туку *со* нив, е од сеопшта важност за сите нас што се противиме на тиранијата на работата (Lane-McKinley, 2018). Идејата за ослободување на децата некогаш беше сериозна преокупација на левицата, при што истражувачи во 60-тите и 70-тите години бараа начини да ги потпомогнат еманципацијата на младите луѓе, колективната автономија и самоопределувањето (Gottlieb, 1973; Bronski, 2018). „Како би разговарал со дете за укинувањето на семејството?“ – прашува поетесата Меделин Лејн-Мекинли во својата поетска книга ***Драго З***, обраќајќи му се на сопственото дете, „се прашувам како да го укинам семејството не без тебе, туку со тебе“ (2019).

работи во Торонто и која повикува феминизмот „да се посвети на укинувањето на мајчинството и остварувањето на мајчинствувањето“ (2004). Всушност, мајките што добивале право на авторитет од мајчинството, низ историјата воедно соборувале угнетувачки режими *и* учествувале во нивното создавање.

Од една страна, матернални феминистки, матерналистичките активистки и фемонационалистките (таканаречените мајки на нацијата) со векови им служеле на системските зла, како што е белата надмоќ, предводејќи империјални и доселеничко-колонијални проекти за расно издигнување и евгеника. Од друга страна, мајките-пролетерки и домаќинките, понекогаш стратешки повикувајќи се токму на истото тоа мајчинство, многупати претставувале сериозна закана за капитализмот и државата. Во меѓувреме, најразлични обесправени мами, мамис, другомајки и настрани мајк-увачки понекогаш сосема се откажувале од претензиите кон авторитет и авторство што ги носи мајчинството, борејќи се наместо тоа, за ставот дека децата им припаѓаат на сите и, токму затоа, никому освен на самите себе.

Дијалектиката меѓу мајчинствувањето и мајчинството е посоодветно да се разбере не како противречност во душата на секоја мајка, туку како структурно прашање на оскудицата наметната од колонијализмот; на планетарната белост и нејзиното укинување; на борбата меѓу општествената репродукција одоздола и репродукцијата на класното општество одозгора; и, конечно, на самото измислување и обликување на мајчинството како институција чија цел е домородните и некогаш поробените луѓе да ги остави „без сродство“ (Spillers, 1987; Sharpe, 2016). Феминистичката филозофија веќе со децении темелно ги разградува општествените и културните логики што ја прават фигурата на мајката – друга (m/other). Сепак, на крајот сакам да замолам да ја препознаеме можноста за една вистинска m/other. Сакам да предложам дека другарноста, во одредени случаи, можеби бара од нас

Наместо да се борам против Мама, се обидував да го следам примерот на луѓето што се грижеа за неа во хосписот – без разлика дали им помагав во грижата, ги заменував или (на крајот) едноставно им ја препуштав. По нивниот пример, се обврзав, колку што можев, да бидам на нејзина страна, а истовремено во себе да оставам простор и за болните, понекогаш ужасни чувства што таа ги предизвикуваше кај мене. Еднаш многу нежно ја погалив по челото и останав без здив кога, според начинот на кој веднаш ги затвори очите, цимолејќи од задоволство, сфатив колку очајно ѝ беа потребни моите прсти – кои било прсти – на тоа место. Вработените во установата, брат ми Бен и јас – а на крајот и нејзиниот поранешен сопруг (тато) – бевме сè што имаше таа. Знаев колку вознемирена и несигурна беше Мама, до самиот крај, во врска со моето присуство таму, и сочувствував со тоа. (Дури и во тие последни месеци понекогаш кажуваше дека иако живеам во САД, повеќе би сакала моите посети да не траат предолго.) Сериозно ја сфатив. Не останав подолго отколку што ми беше пријатно да останам, имајќи ги предвид збрките со визата што ги имав. Пред да заминам, додека ја гледав како пуши и пие вино, чекајќи да умре, најсилното чувство ми беше дека заслужуваше подобар свет, свет што можеби ќе поттикнеше подиви и помалку осамени желби. И јас го заслужувам тој свет. Таа беше една од оние што ми го должеа тоа. Во извесна смисла, сè уште ми го должи, со што сакам да кажам дека комунизмот мора да им се оддолжи не само на живите, туку и на мртвите.

Со тоа што само се оградуваше од ознаката „мајка“, мојата Пуц-шефица на крајот сосема потфрли во преиспитувањето на механизмот на зачувување, репродукција и покорност – мајчинството. Мислам дека затоа е толку важна одамна воспоставената разлика меѓу „мајка“ и она што јас предлагам да го наречеме „мајк-увачка“; и токму затоа матрицентричниот феминизам во последно време доживува обнова, предводен (меѓу другото) од феминистката и проучувачка на делото на Адриен Рич, Андреа О’Рајли, која живее и

Не се согласувам со општоприфатеното гледиште дека мајките, во сегашниве околности, треба по секоја цена да кријат од своите деца дека жалат што ги родиле. Ако ме прашувате мене, од сите нешта што Мамапуц ги згреши, тоа што не го криеше ова беше една од нејзините најмали грешки. Иако децата имаат потреба од и право на огромна безусловна посветеност (Winnicott, 2017), истовремено се способни за и имаат полза од реципрочна другарност. Децата не можат да бидат мајчинствувани од оние што не биле мајчинствувани, и колективно гледано, не им оди во прилог биоправниот систем на лотарија кој квазинеповратно ги препушта на приватната грижа на неколкумина возрасни кои треба со нив да споделуваат две цели децении во архитектура на атомизација која е неодржлива, осаменичка и зависна од автомобили (Doyle-Griffiths and Gleeson, 2015).

Децата, всушност, веројатно поинтуитивно од повеќето луѓе разбираат дека – да ја цитирам М. Е. О’Брајан – „колку повеќе семејството е засновано на избор и љубов, толку повеќе е склоно кон самоукинување“; дека укинувањето на семејството, со други зборови, не значи „уништување на сродните врски што во моментот обезбедуваат заштита од белата надмоќ, сиромаштијата и државното насилство, туку проширување на таа заштита во пошироки заедници на борба“ (O’Brien, 2019b). Децата во својата инспиративна ослободеност од сопственичка идеологија самите се изумители, а не само наследници, на перспективите за идната комуна на грижа. Никој не треба да биде врзан во стан за својот гестатор (или за она што го гестирал): во моделите на комуни што ги замислувал Фурие во 19 век или, пак, од Фајрстон во 70-тите години на 20 век, родителот или детето, со зборовите на О’Брајан: „може да излезе од нарушен однос што не функционира, знаејќи дека сите ќе бидат згрижени. Никој повеќе не е присилно врзан за никого“ (O’Brien, 2019a).

Како дете, не сакав никој да е присилно врзан за никого. Мислам дека никогаш не се помешав – како што

феминистките противнички на сурогатството, на пример, сметаат дека на децата неизбежно им се случува – околу разликата меѓу тоа мајка ми да жали за своето мајчинство и мајка ми да посакува да сум мртва. Да појаснам, не сметам дека јас и мојот брат бевме „доволно добро“ мајчинствувани, да го употребам изразот на Д. В. Виникот (2017: 244). Сосема сум свесна дека сум трауматизирана и дека ми треба заздравување. Само што, како антирасистка и квир-комунистка против работата, го гледам нуклеарното семејство како нулта точка на капитализмот. Не можам целосно да го осудам инсистирањето на Мама, додека уште се обидуваше да мајчинствува, на сопствените граници; на својата желба, како што вели Али Вонг, не да се вложи уште повеќе, туку да се испружи (Wong, цитирана кај Simons, 2016). Тешко е да не сакаш жена што штрајкува. Дури и кога нејзиниот производ... си ти.

Попатно сфатив дека почитувам одредени аспекти од (оскудниот) стил на одгледување на Мамапуц. Мислам дека, спротивно на очекувањата, до ова сознание дојдов читајќи ги длабоко ***позитивните*** дела на Алексис Полин Гамбс.

Спротивставувајќи го црното мајчинствување на хегемониското мајчинство, Гамбс, која е независна истражувачка, поетеса, активистка и едукаторка од Северна Каролина, го сместува во историски контекст колективниот полимајчински труд на црните жени – „оние што никогаш не требало да преживеат“, според зборовите на Одри Лорд – како настран[9] затоа што „ја нарушува општествената репродукција на капиталот нудејќи алтернативна општествена рамка“ (2010: 236). Оваа дефиниција на

9 Заб на прев.: во преводот, англискиот термин queer наизменично го преведувам како „квир“ и „настран/настрана“, зависно од контекстот. „Квир“ го задржувам таму каде што терминот означува конкретен идентитет, политичка позиција или воспоставен теориски поим, додека „настран/настрана“ го употребувам таму каде што се нагласува отстапувањето од нормата, нејзиното преиспитување или преобразување. Ваквиот избор настојува да ја зачува повеќезначноста на оригиналниот термин, и е истовремено референција на преводот на зборот „queer“ на Огнен Чемерски во книгата ***Како да се биде геј***, на Дејвид Халперин.

♥

Зошто тврдам дека овој чин на подавање-вино-преку-стапче – толку далечен од какво било формално политичко здружување – може да се нарече „другарност“? За политичката теоретичарка Џоди Дин (која, морам да нагласам, категорично би ја отфрлила мојата примена на овој поим во ваква ситуација), „другар е еден од многутемина што се борат на иста страна“ (2017). Кон крајот на животот на Мама, инспирирана од дулите за умирање во установата – овие исклучително вешти емоционални трудбенички, понекогаш и нераспознатливи од сексуалните работнички – конечно успеав радикално да прифатам дека е повлечена една линија: од едната страна, беше мојата Мамапуц, а од другата, рој неправди. Можеби, сепак, имаше начин да се борам на нејзина страна во оваа конкретна борба против непотребното страдање, колку и да беше мала и изолирана. Можеби би можела да се видам себеси како некој што е ***со неа*** (етимолошки, како што веќе посочив, токму тоа значи да се биде бабица). Можеби така ќе најдев сочувство за ударите што ѝ ги задал светот, за страдањето што ја обликувало нејзината потреба да ги користи тие супстанции на начин на кој ги користеше. Едноставно, видов каде минува линијата. Избрав страна. Најпосле успеав радикално да го прифатам нејзиното пиење, голтање апчиња и пушење. Престанав да застанувам против неа. Во установата се водеа по логика на грижа што суштински се разликуваше од преовладувачката биомедицинска логика. Ми се чинеше дека таа е блиска до логиката на намалување на штетите, како што е изложена во манифестот „Наркомански комунизам“ на О'Брајан. Намалувањето на штетите, пишува О'Брајан, нуди „алтернативна етичка рамка што ни овозможува да престанеме постојано да им судиме на другите – и на себеси – според крутите мерила на политичката исправност. Наместо тоа, би можеле да научиме да се грижиме едни за други со достоинство, да го предизвикаме нашиот капацитет за нанесување штета така што со љубов ќе ги прифатиме и најболните делови од себе“ (2019c).

Ингрид ги јадела роденденските торти и го пиела шампањот што го купувала за своите деца, токму за да може искрено да им оддаде почит на нејзината необичност, непокорност и длабоко настрано достоинство. Според Џуди, токму овие особини ја правеле премногу чудна за да биде понижена и отфрлена. Дел од она што го подразбираме под другарност во нашето пријателство е дека тагувањето може да биде чин на почит токму благодарение на вистинољубивоста, а не наспроти неа. Во документот, сепак, најистакнатото место им припаѓа на веселите анегдоти, како онаа за нејзиното сексноќување со човек за кого подоцна се покажало дека бил поранешен премиер на Холандија; или кога на шеесет и четири години успеала да се извлече од полициски обрач во Берлин тврдејќи дека е бремена (со цигара во устата и некое непознато дваесетгодишно момче покрај себе – ***ова е таткото!)***. Општиот заклучок е дека не била баш некоја другарка за луѓето врз кои имала најмногу влијание. „Но во некои димензии на најдоброста, таа беше најдобра.“

Во последните месеци Мама јасно даде до знаење дека нема никаква желба да разговара, да слуша, да се искупува, да се извинува, да се помирува или да ги поправа нарушените односи. Нејзината желба беше, едноставно, да има алкохол и цигари; а понекогаш и други форми на утеха. Сакаше да ја забавуваат и да ѝ го одвлекуваат вниманието, повремено други луѓе, но најсигурно ѝ беше сопственото раскажување приказни, кое го изведуваше како претстава, без оглед со кого беше, пиејќи вино и палејќи цигара по цигара (легната на грб, под задолжително заштитно ќебе за да не се запали електричниот кревет). Кога веќе не можеше да јаде и да пие, во установата за палијативна нега ѝ овозможија и понатаму да вкусува вино, давајќи ѝ сунѓерче натопено во вино, прицврстено на стапче. Денес, токму помислата на таа другарност на персоналот во установата најмногу ме расплакува, нивната грижа за достоинството и удобноста на мајка ми во тој долг период на придушен ужас.

настраноста, како што е познато, првпат ја артикулирала Кети Коен, една од клучните теориски референции на Гамбс, во текстот „Панкерки, бучерајки и кралици на социјалната помош“ од 1997 година. Надоврзувајќи се на Коен, Гамбс пишува: „Мајка (m/other)[10] е глагол. Кога го правиме за ‘себе’ како присвојување на трудот и рефлексивна интервенција против репродукцијата на истоста, црното мајчинствување, произведувањето радикална разлика, станува алтернативен начин на производство“ (2010: 192).

Гамбс ја навестуваше фразата што историчарката Сара Нот подоцна ќе ја земе за наслов на својата книга ***Мајка е глагол*** (2019). Истовремено, таа ја развиваше мислата врз која се темелеше моето уверување дека „мајчиниот“ јазик може да се одвои од својот родов и семеен багаж; дека трудот на мајчинствувањето ќе се обопшти како утописка практика во едно посткапиталистичко општество, чија невозможна логика на ***целосно сурогатство***, барем засега, веројатно сè уште не можеме целосно да ја замислиме, па дури ни сосема да ја посакаме.

Ограничувањата во тврдењето на Гамбс за мајкувањето – на пример, условот тоа да се практикува како „интервенција против репродукцијата на истоста“ – би требало да ги замисли оние што се склони кон сентиментално читање на нејзините дела (од кој било етницитет). Не станува збор само за тоа дека белите луѓе, како што им укажува Алексис Шотвел, веројатно не можат тукутака да го преземат црното мајкување, исто како што „доселениците не можат да ги преземат домородните практики на релационалност“, иако ова несомнено е првото нешто што треба да се земе предвид (Shotwell, 2018). Станува збор и за сознанието, содржано во формулацијата на Гамбс, дека дефиницијата на настраноста како антикапиталистичка – затоа што се спротивставува

10 Заб на прев.: m/other означува игра на зборови што ги спојува англиските mother (мајка) и other (друг/друга). Во употребата на Алексис Полин Гамбс, поимот го преосмислува мајчинствувањето како дејство што не мора да ги репродуцира постојните семејни и општествени односи, туку може да создава радикална разлика и нови облици на грижа и заедништво.

на сопственоста – ја задржува својата доследност само ако разбереме дека мајките што се црни не мора ***нужно*** да практикуваат „црно мајчинствување“ во оваа настрана, Гамбсовска смисла. И додека е особено важно белите луѓе, како што вели Шотвел, да „создаваат нови практики на меѓусебно поврзување кои ќе го уништат доселеничкиот колонијализам и неговата поврзаност со антицрнечкиот расизам и милитаризацијата на границите“, овој императив логично се однесува и на многу небели луѓе, исто така.

Заедно со Гамбс и Шотвел, останувам длабоко и непрестајно љубопитна за колективната уметност на правење (и растурање!) сродства како поле на борба. Не знам за некое поважно прашање: како може повеќеродовиот труд на правење бебиња да се смени не само квантитативно (на пример, преку прераспределба), туку и квалитативно – така што ќе придонесуваат во разобличување на белоста и изградбата на универзалната комуна? Како е мајчинствувањето, покрај тоа што го нарекуваме репродукција, всушност анти-(ре)продуктивно (поради тоа што е против сопственичтвото)?

Во „Син ми трча среде бунтовите“ – песна од Кристи НаМи Ериксен, вклучена во зборникот ***Револуционерно мајчинствување***, уреден од Гамбс (2016), Маи'а Вилијамс и Чина Мартенс – репродукцијата не само што е нерепродуктивна и колективна; туку таа е правење бомби. За Ериксен, доењето е правење оружје, а обоените мајки се полимајчински петролејќи[11] по автоматизам. Децата се другари, им припаѓаат истовремено на сите и никому освен себеси: „кога ќе ја погледнеш снимката / тешко е да кажеш чиј син е“ (Eriksen цитирано кај Gumbs et al., 2016).

11 Заб на прев.: „петролејка“ е мој преведувачки избор за фр. pétroleuses, образуван од „петролеј“ со наставката -ка, со цел да се зачува значењето на оригиналниот историски поим – назив за жените што за време на задушувањето на Париската комуна во 1871 година биле обвинувани дека подметнувале пожари со петролеј. Фигурата на петролејката станала симбол на стравот од револуционерните жени, а обвинувањата во голема мера биле дел од пропагандата против нив.

жалба? Ќе ми недостига надежта (друга шанса). Друга есен. Друг вечерен час. Друг маж.

Никогаш нема да знам дали го напиша ова „смртен труд“, за пропуштањето на бродот, пред или по гледањето на тарот-картата што ја извлече, од Рајдер-Вејт шпилот, во тие последни месеци. Тогаш ме изнервира кога рече дека картата ѝ изгледала „убава“, мислејќи дека тоа значи оти „нема да умре уште долго“.

Тоа беше шестката мечеви, на која се гледа само грбот на една женска фигура завиткана во наметка, седната покрај дете, која патува кон далечен брег во чамец што го придвижува висок, мрачен гондолиер.

Во деновите по нејзината смрт, мојата најблиска другарка Џуди собра урнебесни сеќавања за Мама во гугл-документи, што ги споделија неколку пријатели, и заедно со мене направи избор од највпечатливите апофтегми, изјави и уметнички творби од емотикони на Мамапуц.

Конечната верзија, два месеца подоцна, речиси и да не содржеше сведоштва за суровите, непростливи нешта што ги направи во текот на мојот живот, а камоли во текот на целиот нејзин живот (при што, треба да нагласам, право да го уредуваат текстот имаа само членовите на моето избрано семејство што беа дел од мојот живот). Сепак, донекаде се навестуваше нејзиното насилство, оддавајќи почит на едно човечко суштество на искрен и неромантизиран начин, што го сметам за подобро од вообичаениот, премолчувачки пристап во нашата култура кога им оддаваме почит на починатите. Покрај тоа, Џуди го отвори колажот со ода што започнува вака: „Ингрид беше алкохоличарка на електричен скутер за лица со намалена подвижност, со чанта во облик на чајник, која ги нарекуваше фашисти луѓето што ѝ покажуваа кон знаците ‘Забрането пушење’“.

„Пуц-шефица“ е текст со многу љубов – пред сè, кон мене, но и кон починатата – во кој Џуди отворено зборува за тоа како

подлабоко во „амниотехничките“ мрежи на другарско држење и пуштање, со кои ја завршив ***Целосно сурогатство сега.*** Благодарение на колективот, согледав дека голем дел од она што го правев во текот на 2019 година веќе беше дулување на умирањето на мајка ми. Не дулував само заради неа (впрочем, таа се противеше на дел од ова дулување, исто како што се противеше и на самото искуство на умирањето), туку, што е најважно, заради сите нас, особено за себеси и за брат ми, Бен.

„Уште цигари. Уште вино. Не мислам дека ќе умрам наскоро“, ќе кажеше, дури и кога стануваше сè поматна, восочна и неподвижна. Иако видно исплашена, истовремено изгледаше како и самата да верува во тоа. Ми се чинеше дека огромниот духовен и когнитивен напор потребен за тоа негирање, заедно со огромната болка што ја чувствуваше, пливајќи во морфиум, голташе сè друго. И порано минуваше долги периоди во спиење, но сега спиеше постојано. Кога ќе се разбудеше, главно беше неподнослива – дури и повеќе од вообичаено – но јас првпат успевав да погледнам отаде нејзиниот одбивен кукавичлук и детски солипсизам и да ја согледам храброста што ѝ била потребна цели седумдесет години да биде своја.

Сепак, ме иритираше што, освен „те сакам“, кое го изговори неколку пати, Мамапуц ништо друго не ни кажа нам, кои нè оставаше зад себе. Особено затоа што, како што се покажа, повремено собирала храброст, насамо, пред самата себе да си признае дека умира. Има едно ливче хартија, пронајдено по нејзината смрт, на работната маса, на кое напишала:

> Смртен труд ќе го пропуштам бродот. Овој пат баш заебав. Не можам ни следниот да го фатам. Не ме чека. Не застанува за мене. Дури и ако им објаснам за изгубениот билет, нема да ми дадат друг. Не може повеќе да биде 5 до 12. Не можам да го направам во последен момент. Но си помислив: не е фер. Зошто го изгубив правото на

Навистина – како што научив – во одредени струи на црниот феминизам правењето деца долго време експлицитно се препознава како еднакво разорен и творечки потфат; како бунт на заедничкото и неприродна опасност: лично, а сепак множинско, интимно, а сепак инклузивно, полно со љубов, а сепак неубаво. За мајките што се структурно настрани, движечкото прашање во основата на црната фемунистичка полимајчинска поетика станува: Како оваа моќ, способна да го оконча светот (а не само да создава светови), може праведно да се распредели, колективно да се организира, да се впрегне и насочи? Истовремено, точно е и дека „оние од нас што... не требало да преживеат“ му пркосат на угнетувањето со тоа што преживуваат, и дека – како што предупредува Џенифер Неш во своите интервенции против идеализацијата – дури и црното мајчинствување не е секогаш автоматски трансгресивно. Затоа, како антирасистки и феминистки, неопходно е да задржиме денатурализирачка, деромантизирачка евристика кога зборуваме за револуционерното мајчинствување: евристика која е во дослух со мајчинската амбивалентност, со императивот на отпорот кон работата и со патријархалните функции на многуте мајчинства (Nash 2019: 711).

Секако, расправите во литературата за црното квир антикапиталистичко полимајчинствување ме наведоа да го ценам одгледувањето на мајка ми првенствено преку негација. Нејзиното мајчинствување, очигледно, воопшто не беше она субверзивно „лошо“ мајчинствување што е лошо за капитализмот – таа не ја претвораше грижата во оружје, како што теоретизира Гамбс, развивајќи го и проширувајќи го познатиот повик на Одри Лорд упатен до црните лезбејки: „Можеме самите да научиме да се мајкуваме.“ Пасивното запирање или забавување на работата на Мама никако не претставуваше „создавање на ривалско мајчинствување“ што би се спротивставило на репродукцијата на нуклеарното хетеропатријархално семејство (Gumbs, 2010: 187). Да речеме: Ако сум на некој начин налик на бомба, тоа не е затоа што

Мама, во својата алкохолизирана самотија, била способна да прави бомби. Свесна дека нејзините начини на поврзување со другите не биле особено разорни за многубројните матрици на доминација во светот, со овој есеј и самата се обидувам да направам барем еден мал чекор кон создавање поинакви практики. Есејот е замислен како дел од болната и тешка задача што некои ја нарекуваат „признавање на лошото сродство“ (иако Мамапуц главно беше лоша само кон себеси и кон своите деца). Признавањето на лошото сродство се случува, пишува Шотвел, кога „ние, белите доселеници, ја признаваме, наместо да ја негираме, нашата поврзаност со луѓето и општествените односи на белата надмоќ“, но и преку „пријателите и другарите што дејствуваат како предавници на сопствената раса во борбата против белоста“, борба во која јас го вклучувам и укинувањето на самата форма на семејството (2018).

Кога велам дека црните полимајчински феминизми ми помогнаа да го ценам својот бел биородител, кој никогаш не ја преиспитуваше сопствената белост, всушност, сакам да кажам дека ми ги дадоа зборовите со кои можам да изразам надеж – надеж кон која ме турна долгогодишното запоставување од страна на Мама, а која тие ми помогнаа да ја замислам – како што вели Гамбс, „што ако секој може да учествува во создавањето на иднината преку родителствување, подучување, преживување?“ (2010: 201). Како дел од мојата заложба за укинување на семејството, морав да го признам своето лошо сродство.

Мама не беше мајкарка; не беше настрана мајкувачка. Иако во нејзината изведба на мајчинство имаше трошка од она што Гамбс го именува во својата анализа на револуционерното маминство (mamahood), односно рекламацијата/одбивањето на наметнатиот труд. Најдобро ќе објаснам на што мислам вака: иако Мамапуц не го настрануваше мајчинството, иако беше бела, цис, стрејт и од средната класа, таа сепак го изведуваше мајчинството на еден збунет начин. Задачата (на мајчинствување) за

неа навидум се состоеше од шлапање крем за сончање и киви, односно *Vitaminbomben* (витамински бомби), врз помладата генерација, често со еден исмевачки глас на наци-офицер. Но дури и кога заебанцијата не беше смешна, всушност, дури и кога беше страшна и опасно сериозна, кога манијакално ни се дереше за алиштата за перење или за миењето садови, ние, некако, ја сфаќавме заебанцијата. Производство на разлика, без сомнеж. Не знам дали сум ѝ простила сè, но благодарна сум ѝ за нејзината иманентна критика на невидливоста на домашниот репродуктивен труд.

Благодарна сум ѝ за нејзиното структурно настрано денатурализирање на мајчинската љубов. Нејзиното незадоволство од постојниот поредок, тоа го знам, им се пренесе на сите нејзини деца (деца-другари?) – биолошки и небиолошки.

♥

Сè уште ме зачудува што потребата директно да ја вклучам Мама во овој есеј ја почувствував дури кога, на мое големо вџашување, останав без неа. Потресена до срж, таа зима побарав поддршка од еден колектив на дули за умирање во Филаделфија, градот што го избрав за свој дом. Од почетокот на декември 2019 до средината на 2020 година Колективот на дули за умирање од Филаделфија организира неделни кружоци за тагување, во кои јас и многумина други наоѓавме солидарност, мајкарска другарност и грижа, во форма на едноставни, заеднички и најчесто тивки сведочења на тагата. Токму практиката на оваа организација ми помогна да сфатам дека она што сега чувствував потреба да го теоретизирам, меѓу другото, беше и мојата сопствена другарност, мојата сопствена мајкарска другарност, мојот сопствен стремеж одново да се мајкувам себеси и другите. Исто така, учејќи ме на дулување – што јас го разбирам како практика на бидување бабица, односно бидување „сожена“ од кој било род – тие ме воведоа уште